# (ФОТО) Мирјана Мирчевски е нова претседателка на ОК Единствена Македонија Битола

Вечерва, недела, 1 декември 2019 во просториите на Општинскиот комитет на Единствена Македонија во Битола за нов претседател на Општинскиот комитет Битола е избран Мирјана Мима Мирчевски. На настанот присуствуваа и претседателот на партијата, генералниот секретар и членови на Извршниот комитет.

Имено, со тоа се спроведува одлуката на Извршниот комитет на Единствена Македонија за генерален реизбор во 42 општински комитети на партијата до 31.12.2019.

Единствена Македонија продолжува да биде отворена за секој со желба за политички активизам и борба, посебно сега кога Република Македонија преживува најтешки моменти од кога било досега!

**Центар за комуникации на Единствена Македонија**
**Скопје, недела, 1 декември 2019**

































